**20242724699**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 2024 година.

Бр. 08-6374/1
25 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 1

Во Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 102/19), во членот 18 став (1) во точката 7) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Член 2

Во член 26 ставот (2) се брише.

Член 3

Во член 33 во ставот (2) зборот „Советот“ се заменува со зборовите: „министерството во чиј состав е државниот инспекторат“, а зборовите: „15 ноември” се заменуваат со зборовите: „1 декември”.

Во став (3) зборот „Советот“ се заменува со зборовите: „министерството во чиј состав е државниот инспекторат“.

Член 4

Во член 35 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Директорот кој раководи со државниот инспекторат во состав на министерството е должен до ресорниот министер да достави на одобрување полугодишен извештај најдоцна до 31 јули и годишен извештај за работа на органот најдоцна до 31 јануари за претходната година.”.

Во ставот (2) зборот „Советот“ се заменува со зборовите: „министерството во чиј состав е државниот инспекторат“.

Во ставот (3) зборот „Советот“ се заменува со зборовите: „министерството во чиј состав е државниот инспекторат“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Доколку мислењето од ставот (3) на овој член е негативно, министерот во чиј состав е државниот инспекторат ќе го разреши директорот, односно ќе поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за дисциплински престап, против раководителот на инспекциската служба до државниот секретар.“.

Во ставот (5) зборот „Советот“ се заменува со зборовите: „министерството во чиј состав е државниот инспекторат“, а по зборовите: „инспекциските служби“ се додаваат зборовите: „во состав на министерството“.

Член 5

Во член 37 во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 6

Во член 82 во ставот (5) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 7

Во член 83 во ставот (8) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.